# ОДРЖЛИВОСТ И ЕТИКА ВО CANON

## ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Canon

**Визијата на нашата компанија е да работи според нашата филозофија Kyosei, што значи да се живее и да се соработува за доброто на сите. Ние сме одговорен деловен избор, со воспоставени мерки за општествена одговорност кон влијанијата врз животната средина, трудот и човековите права, етиката и одржливите набавки.**

Ваквиот стремеж исто така се отсликува и во пристапот што го има Canon кон приватноста. Нашата визија за приватност, „Ги заштитуваме вашите лични податоци“, го отсликува нашиот етички пристап насочен кон луѓето и дополнително ги поддржува правилата од Кодексот на однесување на Canon.

Кодексот на однесување на Групацијата Canon ги дефинира стојалиштата на управата на Групацијата Canon и воспоставува специфични стандарди на однесување коишто мора да ги почитуваат сите директори и вработени во Групацијата при извршувањето на своите задачи. Canon се придржува кон одредени универзални правила на однесување коишто ни овозможуваат да „напредуваме во духот на ‚Трите само‘ - самомотивација, самоуправување и самосвест“. Canon долго применува важен принцип на одржување позитивен став кон работата и тоа преку:

1. Разбирање на положбата, улогата и ситуацијата во којашто се наоѓаме (самосвест)
2. Преземање иницијатива за активно учество во задачите коишто ни се поставени (самомотивација)
3. Правилно владеење со себе (самоуправување).

Збирот одредби од Кодексот на однесување на Групацијата Canon се инспирирани од „Трите само“.

Canon, исто така, е прогласен за една од најетичките компании во 2022 година, што е петта година по ред и тоа од страна на Ethisphere Institute, светски лидер во утврдување и унапредување на стандардите за етичко деловно работење. Ние постојано настојуваме на нашите добавувачи да им ги пренесеме етичките вредности на Canon.

Кодексот на однесување за добавувачите на Canon наведува дека Canon од добавувачите очекува да вршат исклучиво чесно, етичко и одговорно рекламирање. Понатаму се нагласува дека добавувачите треба на промовираат фер, чесно и транспарентно деловно работење и да имаат воспоставено добри корпоративни политики и практики на управување. Кодексот на однесување за добавувачите може да го прочитате на **http://www.canon-europe.com/about_us/coc/cenv/en.**

